Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "КОЧКОВ СОЛАР 5" издадена на Друштвото за производство на електрична енергија АРЕС СОЛАР ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/25).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "1 јуни 2026 година" се заменуваат со зборовите "1 декември 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија АРЕС СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар "Партизански Одреди" бр.40-1/4 Скопје - Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 6 мај 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "КОЧКОВ СОЛАР 5", УП1 бр.12-184/26 од 6 мај 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/25).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци.

Друштвото има доставено:

- Извештај бр. 03-18/1 од 28 април 2026 за дефектажа и извршени зафати во ФНЦ 3,25 MW и ТС 20(10)/0,8 kV, 2x2000 kVA „Арес Солар", КП бр.2330, 2331 и 2332, КО Лопате-вон г.р., Општина

Куманово, изготвен од изведувачот ПРО ЕНЕРГО ДООЕЛ БИТОЛА Друштво за услуги, трговија и производство,

- Извештај од независно инспекциско тело ЕЛКО-ИНГ инспекциско тело Струмица од 24 април 2026 година, а во врска со недостатоци во работењето на ФЕЦ “КОЧКОВ СОЛАР 5”, а со цел продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали во кој е наведено дека во текот на пробната работа на ФЕЦ „КОЧКОВ СОЛАР 5“, евидентирани се повеќе повторувачки технички настани поврзани со работата на инверторите од 6-10, проблеми со работа на инверторот бр. 5 и трафостаница бр. 1.
- Извештај од надзорен орган тех.бр.75-26 од 5 мај 2026 година за извршени електроенергетски санациони зафати во ФНЦ 3,25 MW и ТС 20(10)/0,8 kV, 2x2000 kVA, АРЕС СОЛАР, на КП бр.2330, 2331 и 2332, КО Лопате-Вонград, Општина Куманово .

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-758/1 од 15 мај 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 мај 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “КОЧКОВ СОЛАР 5” издадена на Друштвото за производство на електрична енергија АРЕС СОЛАР ДООЕЛ Скопје за период од шест месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-184/26**
**15 мај 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**